**ЗАПИСНИК**
**од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.09.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Емилија Јаневска, д-р Ивана Стојановска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 13.09.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.09.2021 година.
3. Предлог за запирање на постапката за донесување на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 бр. 01-3270/1 од 01.09.2021 година (Нацрт) и за усвојување ново Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 (Предлог).
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 13.09.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.09.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со точката објасни дека до Советот е доставен предлог да се запире постапката за носење на нацрт верзијата на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 бр. 01-3270/1 од 01.09.2021 година и да се усвои ново Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 предизвикано од најновите измени на Изборниот законик.

Г-дин Трајчевски објасни дека минатата недела во парламентот беа усвоени измени на Изборниот законик кои што директно се рефлектираат во делот на медиумите односно на изборниот мониторинг. Клучните измени се тоа што времето за платено политичко рекламирање од 9 минути се зголемува на 9 минути и 30 секунди. И понатаму останува времето што можат да го користат двете најголеми политички партии од позицијата и од опозицијата, по најмногу 4 минути. Новина е што сега за политичките партии кои што се во парламентот, а немаат пратеничка група можат да одвојат 1 минута за ППР додека за сите останати политичките партии кои не се застапени во Собранието или за независни кандидати односно група избирачи за градоначалници и советници се определуваат дополнителни 30 секунди. Со оглед на големите измени на Изборниот законик во делот на платеното политичко рекламирање се предлага Нацрт-упатството што беше усвоено на седница на Советот да биде повлечено, а да биде усвоено новото Предлог-упатство кое што сега е целосно усогласено со измените на Изборниот законик. Кај Агенцијата единствено имаше дилема кои од политичките партии кои што се во парламентот а немаат пратеничка група да бидат наведени во Упатството во онаа една минута за ППР. Со проверки на веб страницата на Државната изборна комисија и со дописот од ДИК кој денес пристигна во Агенцијата точно се наведени со наслов партиите на кои што им се потврдени кандидатите, а тоа се ЛЕВИЦА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ–ДПА, ДВИЖЕЊЕ ОДЛУЧНО ЗА ПРОМЕНИ тука се ДОМ и ЛДП, ДВИЖЕЊЕ БЕСА, ГРОМ, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, и ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА. Со оглед на тоа што е добиена информација од ДИК, реченицата во Упатството што е во заграда и гласи „Можни се промени по потврдување на кандидатските листи од страна на надлежните изборни органи", отпаѓа и ова е конечниот список на партии кои можат да користат ППР во оваа една минута. На Нацрт-упатството што сега се предлага да биде повлечено имаше забелешки од СДСМ во однос на дозволеното платено политичко рекламирање на независните кандидати. Наведе дека минатата недела имал состанок со Министерот за правда и забелешките на СДСМ доаѓаат од тоа што тие поинаку го читале односно ги разбрале она што беше

напишано во Нацрт-упатството. Сега со овој текст на новото Упатство во кое се кажува дека политичките партии онаму каде што немаат кандидати може да поддржуваат некој од независните кандидати и може да го користат тоа време за ППР при што мора јасно да биде назначено дека нарачател е политичката партија а не независниот кандидат и тоа е целосно прифатливо за 4-те најголеми политички партии така што реално и забелешката која што беше дадена на нацрт-упатството што сега се предлага да биде повлечено во целост се задоволува со овој начин на дефинирање на правото на независните кандидати да користат ППР од времето на 4-те минути за најголемите партии од опозицијата или најголемите партии од власта, така што сега нема забелешки во однос на ова ново упатство кое сега се предлага да биде усвоено.

Г-дин Петрушевски објасни дека го прочитал и ова и претходното упатство и рече дека сега навистина е појасно. И онаа можност што ја споменал за која што и ТВ Канал 5 имала забелешки гледа дека сега е тргната, да не мора на Агенцијата да и ги доставуваат договорите како што пишуваше во претходното нацрт-упатство. Наведе дека го слушнал воведот на директорот и се надева дека ова е конечната верзија која ќе ја поддржи и дека ќе има една чесна и правична изборна трка за Локалните избори 2021.

Г-дин Фиданоски рече иако не е новина за нашите прилики, повторно заради законски измени што се донесени во последен момент Агенцијата практично прави Упатство со кое се насочува како може да се оствари или реализира платеното политичко рекламирање во изборниот период. Смета дека тоа што е понудено како Предлог-упатство до Советот во овој момент е сеопфатното можно решение кое што ќе ги задоволи сите инволвирани страни. Притоа да се почитува основното начело за еден демократски изборен процес, да има еднаков пристап на различните гледишта, но запазувајќи ги се разбира првенствено законските решенија коишто се донесени иако се донесени во последен момент. Верува, како што кажал и претседателот г-дин Петрушевски и претходно и директорот г-дин Трајчевски во образложението, дека сите инволвирани страни во процесот ќе бидат задоволни од ова Упатство, кое го оценува како позитивно и ќе даде поддршка.

Г-дин Петрушевски го стави на гласање предложеното Упатство со корекцијата за отфрлање на  реченицата која гласи „Можни се промени по потврдување на кандидатските листи од страна на надлежните изборни органи", која била ставена во материјалот само за информирање  на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно ја запре постапката за усвојување на Нацрт-упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 бр. 01-3270/1 од 01.09.2021 година и едногласно го усвои новото Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата новото Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека останува веднаш по седницата да се објави конечната верзија на Упатството за да го имаат предвид медиумите и политичките партии со оглед на тоа што остана уште малку време од околу 5-6 дена до почетокот на кампањата и да се договорат убаво како ќе одат со платеното политичко рекламирање.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3434/3**
**24.09.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**